РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4311/1
09.10.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Десетти дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на член 76-в став 2 од Изборниот законик и во согласност со Меморандумот за соработка потпишан на 04.02.2016 година, Агенцијата го доставува дневниот извештај за Локалните избори 2025 година за активностите спроведени на 8 октомври 2025 година.

Основниот граѓански суд Скопје, на 3 октомври 2025 година, донесе Решение со кое, како неоснован, го одби предлогот од тужбата на политичката партија Левица против Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поднесен со цел да се издаде привремена мерка со која на Агенцијата би ѝ се забранило: до комерцијалните медиуми да го достави Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, и до Државната изборна комисија да го достави Извештајот за емитувано платено политичко рекламирање (ППР), врз основа на кој ДИК ги распределува и исплаќа средствата за ППР.

Дополнително, Управниот суд, на седницата одржана на 6 октомври 2025 година, донесе Решение со кое ја отфрли тужбата на политичката партија Левица за поништување на Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година, донесено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во рамките на активностите за следење на медиумското претставување, Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси постапи по Претставката поднесена од Жаклина Филипова – Свеќаровска, кандидатка за градоначалничка на Општина Кочани, против Радио Кочани, поради тоа што радиото, на 3 октомври 2025 година, закажало дебата само со двајца од шестмината кандидати за градоначалник. Координативното тело го поддржа постапувањето на Агенцијата и им укажа на медиумите дека е неопходно да бидат транспарентни во однос на претставувањето на кандидатите, како и да имаат јасен план и правила за тоа на кој начин, во сите облици на изборно медиумско претставување — вклучувајќи ги и дебатите — ќе обезбедат рамноправно претставување во согласност со Изборниот законик.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**